Македонска Кошаркарска Федерација

**Здружение на Младински категории во кошарка - МКК**

# БИЛТЕН

***МЛАДИНСКИ ЛИГИ НА МАКЕДОНИЈА***

***СЕЗОНА 2016/2017***

| | |
|---|---|
| **Број** | |
| **Датум** | **30.10.2016** |
| **www.basketball.org.mk** | |

**Билтенот е официјално гласило на канцеларијата на Младинските Лиги на МКФ**

Почитувани,

Пред започнување на новата натпреварувачка сезона во Младинските лиги на МКФ, Ви ги доставуваме најбитните потребни информации за сите актери вклучени во натпреварувањето.

Сите предложени акти од страна на УО на МКК и Комесарот за натпреварување за регуларно одвивање на натпреварувањето во Младинските лиги при МКФ и тоа Правилник за натпреварување за млади категории, Пропозиции за натпреварување, Систем за натпреварување и Календарот за натпреварување **усвоени** се од страна на УО на МКФ.

Во текот на утрешниот ден **31-ви Октомври (Понеделник),** сите потребни информации ќе бидат поставени на сајтот на МКФ **(www.basketball.org.mk)** во графата Младински лиги и истите ќе бидат достапни за сите кошаркарски работници и целокупната македонска јавност.

Воедно Ве известуваме за следниве најбитни информации:

1. **Натпреварувањето во генерацијата М-20 како и минатата нат.сезона ќе биде спроведено од канцеларијата на сениорски лиги.**
2. **Натпреварувањето во М-18 и М-16 (мажи) започнува на 05/06-ти Ноември 2016 година.**
3. **Натпреварите да се одигруваат во Сабота и Недела по следниот принцип:**
   - **Сабота претпладне М-14,**
   - **Сабота попладне М-18,**
   - **Недела претпладне М-16**
4. Висина на надоместок за обавување на службена должност (судија, делегат и пом.судија) за нат.сезона 2016/2017 год. на предлог на СК на МКФ е **усвоена** на седницата на УО на МКФ одржана на 07.10.2016 год.

| Р.бр. | | Лига | Лига | Лига | Лига | Лига |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **СЛ. лице,** | **М-20** | **М-18** | **М-16** | **М-14** | **М-12** |
| 01. | **Судија,** | 800,00 | 600,00 | 600,00 | 400,00 | дополнително |
| 02. | **Делегат,** | 800,00 | 600,00 | 600,00 | 400,00 | / |
| 03. | **Пом.судија** | 200,00 | 200,00 | 200,00 | 200,00 | / |

Воедно ги известуваме службените лица (судии, делегати и пом.судии) кои што имаат побарувања од минатата натпреварувачка сезона во Младински лиги, **во најкраток можен рок истите (аргументирано) да ги достават до канцелари јата на МКК.**

## Извадоци од Пропозиции за натпреварување за сезона 2016/2017 година.

- Закажување на натпревар и измена на термин,
- Должности и обврски за организатор на натпревар,
- Должности и обврски на службени лица на натпревар,
- Финансиски обврски на клубови,

**Член 9. Сала и термини за одигрување натпревари,**

**9.1.** Секој клуб е должен да пријави сала во која ќе ги игра натпреварите како домаќин, налмалку 14 дена пред почеток на натпреварувачката сезона, во согласност со новиот лиценцен систем, а се однесува на генерациите М-20, М-18 и М-16 во машка конкуренција, односно М-18 и М-16 во женска конкуре нција. За преостанатите генерации, М-14 и М-12 во машка, односно М-14 и М-12 во женска конкуре нција**, се дозволува** и настап во помали сали (Трета категорија), но само доколку ги исполнуваат пред видените норми согласно со правилата на кошаркарската игра (ново маркирање на теренот, семафор со исправни уреди за мерење напад 24 и 14 секунди).

| | |
|---|---|
| **9.2.** | Натпреварите во лигите се играат според утврден календар за натпреварување за секоја генерација поединачно по двокружен бод систем, во термин за почеток утврден од страна на организаторот на натпреварот, во рамките на следните ограничувања:<br>**Ден: Понеделник,Вторник,Среда,Четврток и Петок од 16.00 до 20.00 час.**<br>**Ден: Сабота и Недела од 10.00 до 20.30 час.**<br>**За натпреварите каде е потребно екипите да патуваат, натпреварите не смеат да се закажуваат пред 10,00 часот.** |
| | **9.2.1.** Домаќинот на натпреварот е **должен** пријавувањето на натпреварите да го достави **најдоцна 72** часа (среда), пред редовниот термин за одигрување на натпреварите во писмена форма на официјален меморандум на клубот, со печат и потпис на овластеното лице по е-меил или по тел/факс. Доколку клубот домаќин **не достави** термин за одигрување на натпреварот до претходно предвидениот термин за одигрување на натпреварот, истиот ќе биде регистриран во согласност со овие пропозиции. |
| **9.3.** | Натпреварите може да се играат и во друг термин, со одобрение или налог на Комесарот за натпреварување: |
| | 9.3.1. Закажување на ТВ пренос, |
| | **9.3.2.** Два или повеќе натпревари во еден град (комесарот се задолжува да ги раздвои термините за почеток, најмалку на 2 часа, во интерес на популаризација на кошарката). |
| | **9.3.3.** Договор меѓу екипите поради термински недостаток, но не подоцна од терминот предвиден за одигрување на следното коло - со одобрение на Комесарот за натпреварување. |
| **9.4.** | Во случај на изречена казна или суспензија (ќе важи за сите пријавени генерации) на веќе регистрираниот терен, домашната екипа-организатор е должна 14 дена пред одигрување на секој натпревар да го извести Комесарот за натпреварување за друга регистрирана сала каде ќе ги игра натпреварите,како и за денот и часот на одигрување на натпреварот(ите). |

**Член 10. Изменување на дата на одигрување натпревар,**

| | |
|---|---|
| **10.1.** | Измена на ден-дата на веќе закажан натпревар **може** да биде сторена најдоцна до три (3) дена пред предвидениот ден со календарот или негово објавување на барање на гостинска екипа во писмена форма на официјален меморандум на клубот, со печат и потпис на овластеното лице по е-меил или по тел/факс. |
| **10.2.** | Измена под овој рок **не се одобрува**, освен кога за тоа постои согласност од противничката екипа во писмена форма, но не подоцна од 48 часа пред предвидениот датум за одигрување и новиот термин кој екипата домаќин го предлага. |
| **10.3.** | Измена на ден-дата на натпревар поради учество или организација на меѓународен турнир е **дозволено** доколку барањето е доставено 10(десет) дена пред предвидениот ден со приложена покана за учество на турнирот или програма за организација на истиот. |

**Член 11. Измена на час на почеток на натпревар (термин),**

| | |
|---|---|
| **11.1.** | Измена на час на веќе закажан натпревар **може** да биде сторена најдоцна до 48 часа пред часот даден од организаторот или по неговото објавување во службениот Билтен на лигата. |
| **11.2.** | Измена под овој рок **не се одобрува**, освен кога за тоа постои согласност од противничката екипа во писмена форма,но не подоцна од 24 часа пред веќе објавениот час за одигрување како и пред терминот кој екипата домаќин го предложила. |
| **11.3.** | Гостинската екипа може да побара измена на ден или час (термин) на натпревар, но тоа мора да биде сторено исклучиво во договор и согласност со домашната екипа-организаторот на натпреварот и одобрение на Комесарот за натпреварување. |

**Член 12. Одложување на натпревар,**

| | |
|---|---|
| **12.1.** | Доколку натпреварот **не може** да се одигра во предвиденото време или е прекинат поради една од следните причини:<br>- Исклучување на електрична енергија во областа или реонот;<br>- Исклучување или застој на јавниот сообраќај;<br>- Временска непогода потврдена од Државниот хидро-метереолошки Завод;<br>- Виша сила (пожар, поплава, воена состојба/опасност и слично);<br>- Јавно прогласена епидемија од надлежен епидемиолошки центар;<br>- Кршење табла, носач на табла, неисправност на технички уреди во сала; |
| | **Натпреварот мора да се одигра во наредните 24 часа.** |

**Член 13. Регистрирање на играчи, право на настап,**

| | |
|---|---|
| **13.1.** | На сите натпревари **може** да настапуваат само играчи кои имаат натпреварувачки картон - лиценца, издадена и заверена од страна на Регистрациската комисија при МКФ, под услов играчот да не е под суспензија или изречена казна. |
| **13.2.** | На сите натпревари може да настапуваат најмногу 12 играчи, но не помалку од 10 (десет). Во |

| | |
|---|---|
| | спротивно екипите подлежат на казна која е пропишана со критериумите во овие Пропозиции. |
| **13.3.** | На секој натпревар право на настап во соодветната генерација имаат најмногу 3 играчи кои не се од истата генерација. |
| **13.4.** | Услов за добивање на натпреварувачки картон - лиценца за настапување на сите нивоа на натпреварување во МКФ, е поседување на лекарски преглед, кој се предава при превземањето на натпреварувачкиот картон - лиценца. |
| **13.5.** | Лекарскиот преглед на играчите се врши задолжително пред почетокот на натпреварувањето. Контрола на прегледот врши Здравствената комисија на МКФ. |
| **13.6.** | Секој клуб учесник во соодветната лига е **должен** на сите натпревари да настапи во најдобар состав. |
| **13.7.** | **На натпревар кој е одложен, право на настап имаат само оние играчи кои биле регистрирани за клубот во моментот кога натпреварот требал да се одигра.**<br>**Неизвршувањето на оваа обврска повлекува дисциплинска одговорност.** |

**Член 15. Тренери,**

| | |
|---|---|
| **15.1.** | Должноста тренер или помошник на тренерот можат да ја извршуваат само лица кои поседуваат тренерска легитимација, издадена и заверена од страна на Тренерската комисија на МКФ. |
| **15.2.** | **Само на тренерот на екипата му е дозволено** да стои за време на натпреварот и да им се обраќа на своите играчи, под услов да се наоѓа во рамките на просторот околу клупата на својата екипа. |
| **15.3.** | Тренерот, во случај да нема помошник, **може** да биде заменет од Техничкиот раководител во текот на натпреварот, но само доколку оправдано мора да го напушти теренот или е исклучен од игра. |
| **15.4.** | Тренерот или помошниот тренер се единствени преставници на екипата кои може да комуницираат со помошните судии. Во текот на натпреварот, при прекин на играта и запрен часовник за игра, тренерот може да стави забелешка за работата и објективноста на помошните судии и тоа кај делегатот на натпреварот, кој оценува дали треба да ги извести судиите за тоа. Доколку **нема** делегат на натпреварот тоа ќе го стори со првиот судија. |
| **15.5.** | Исклучен тренер или помошен тренер, службен претставник или било кое лице од листата на пријавени службени лица или играчи за натпреварот, **мора** до крајот на натпреварот да отиде и да остане во соблекувалната на неговата екипа или доколку тој така одлучи, да ја напушти спортската сала-објектот. |
| **15.6.** | Во случај на изречена казна забрана на извршување должност на тренер или помошен тренер на клубот, истиот на наредниот/те натпревар/и **може** да седи во гледалиштето, но не на онаа страна на трибините каде се наоѓаат клупите на екипите. |

## II/1 ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАТПРЕВАР-ПРЕД ПОЧЕТОК НА НАТПРЕВАР

**Член 19. Екипата домаќин - организатор. Должности.**

| | |
|---|---|
| **19.1.** | Организаторот на натпреварот е должен да обезбеди на гостинската екипа тренинг во истата сала каде ќе се игра натпреварот, доколку таа писмено го побара тоа, најмалку пет(5)дена порано. |
| **19.2.** | Организаторот е должен да и помогне на гостинската екипа во секоја прилика, одредува претставник на клубот кој и помага на гостинската екипа и и дава информации неопходни за натпреварот. |
| **19.3.** | Организаторот е должен на секој натпревар да организира соодветна редарска служба. |
| **19.4.** | Организаторот мора благовремено да го пријави времето за одигрување на натпреварот во надлежната подрачна полициска станица, а на самиот натпревар мора да има присутни органи за безбедност, чија бројност ќе зависи од бројноста на гледачите. |
| **19.5.** | Организаторот е должен да обезбеди соодветен простор за поставување на рекламни паноа во салата доколку Здружението на МКК или Управниот Одбор на МКФ обезбедат спонзор/и на лигата.<br>Организаторот сноси полна одговорност и подлежи на санкции за непочитување на одредбите од склучен договор со спонзорот/ите. |
| **19.6.** | **Организаторот е должен на секој натпревар, на видно место во салата да истакне државно знаме на Р. Македонија.** |
| **19.7.** | Организаторот е должен да обезбеди посебен простор за средствата за јавно информирање (новинари). |
| **19.8.** | Организаторот е должен да обезбеди посебен простор - работни маси за Радио и ТВ станици, како и простор за видео-снимање од страна на гостинската екипа. |
| **19.9.** | Организаторот е должен да обезбеди посебен простор и услови за овластена ТВ екипа од ТВ куќа-партнер на МКФ и Здружението МКК, која врши директен пренос или го снима натпреварот.Организаторот е должен да го почитува договорот со ТВ куќата и да ги почитува термините за директни преноси според кои треба да го закаже натпреварот. |
| **19.10.** | Организаторот е должен да обезбеди лица и прибор за бришење и чистење на теренот за игра, подготвени покрај теренот (зад рекламните табли) да делуваат во секое време на повик на судија или по потреба при прекин на играта. |
| **19.11.** | Организаторот е должен, по завршување на секој натпревар, да организира прес-конференција на однапред поределено место и да постави банер со спонзори, со димензија 2x2,5метри. На банерот, покрај спонзорите на клубот, треба да бидат аплицирани и спонзорите на лигата и логото на МКФ. |

| | |
|---|---|
| **19.12.** | За секој прекршок кој ќе го направи организаторот во однос на организацијата на натпреварот, **Комесарот за натпреварување ќе изрече** соодветна казна согласно критериумите за изрекување на казни во овие Пропозиции. Правилникот за натпреварување на МКФ и Дисциплинскиот правилник на МКФ. |

**Член 20. Сала,**

| | |
|---|---|
| **20.1.** | Натпреварите на сите нивоа **може** да се играат исклучиво во сали кои ги задоволуваат условите пропишани во Службените кошаркарски правила и **кои се регистрирани** од страна на посебна комисија именувана од Комесарот за натпреварување. |
| **20.2.** | Секоја спортска сала мора да има службен влез, одвоен од влезот за гледачи, кој овозможува непречен влез/излез на екипите и службените лица, како и непречен пристап од соблекувалните до теренот за игра, недостапни за публика и неслужбени лица. |
| **20.3.** | Доколку во текот на натпреварувањето се утврди дека условите во салата не ги задоволуваат пропишаните критериуми со Правилата и со овие Пропозиции, Комесарот за натпреварување ќе утврди временски рок во кој екипата организатор на натпревари во таа сала **ќе мора** да ги отстрани сите забележани недостатоци, а во спротивно, **ќе забрани одигрување на натпревари на тој терен.** |

**Член 24. Записничка маса,**

| | |
|---|---|
| **24.1.** | Записничката маса мора да биде поставена на средината на една од страничните линии и мора да биде заштитена со ограда од плексиглас по целата должина. |
| **24.2.** | Должината на записничката маса мора да изнесува најмалку четири (4) метри и на неа може да се наоѓаат службени лица по утврден распоред: |




Легенда: 1 = мерач на 24 секунди  4 = записничар
2 = мерач на време  5 = помошен записничар
3 = делегат (ако е присутен)  X = заменици

| Забелешка |
|---|
| **Помошните судии мора да имаат целосен и јасен преглед на теренот. Затоа клупите/столчињата на помошните судии, делегатот и записничката маса мора да бидат поставени на платформа, повисока за 25-30 сантиметри од подот на теренот, а клупите/столчињата на замениците мора да бидат поставени пониско од оние на помошните судии, односно на подот на теренот.** |

| | |
|---|---|
| **24.3.** | Пред или покрај записничката маса треба да бидат поставени по два стола или клупи за заменици кои чекаат да влезат во игра. |
| **24.4.** | Записничката маса мора да се постави на подиум (платформа) по целата нејзина должина и широчина, а столиците или клупите за змениците мора да бидат поставени на ниво на теренот. |
| | **Висината на платформата треба да биде од 25 до 30 сантиметри.** |
| **24.5.** | **Организаторот е должен на записничката маса да обезбеди прибор:** |
| | 24.5.1.Таблички со броеви од 1 до 5 за означување на бројот на лични и технички грешки на играчите; |
| | 24.5.2.Таблички или уред за покажување на вкупниот број на лични и технички грешки на играчите на една екипа (бонус); |
| | 24.5.3.Уред - покажувач на наизменичен посед на топка (стрелка); |
| | 24.5.4.Записник - образец пропишан од МКФ; |
| | 24.5.5.Резервна свирка, во случај на дефект на звучниот сигнал на семафорот или слаба чујност на истиот. |
| **24.6.** | **Помошен технички прибор на натпревар,** |
| | Организаторот е должен на секој натпревар да обезбеди помошен технички прибор, кој по потреба ќе му биде ставен на располагање на делегатот, и тоа: |
| | 24.6.1.Рачен часовник за мерење време со можност да мери station наназад и со можност времето да биде продолжено од моментот на прекинот. |
| | 24.6.2.Часовник за мерење 24 секунди, прекин на време (интервал на игра). |
| | 24.6.3.Уред(гонг)за означување на последните 10 секунди од времето за напад на екипите. |
| | 24.6.4.Покажувач на резултатот (Рачен семафор). |

| Член 27. Топка, |
|---|

| | |
|---|---|
| **27.1.** | Натпреварите во Младинските лиги се играат со кожни топки кои го имаат златниот знак на ФИБА, и тоа М-20,М-18,М-16 и М-14 во машка конкуренција со големина 7 а М-12 во машка конкуренција со големина 6 како и М-18,М-16,М-14 и М-12 во женска конкуренција со големина 6. |
| **27.2.** | Организаторот на натпреварот е должен да обезбеди најмалку две (2) топки од ист произвведител за гостинската екипа, 30 минути пред почеток на натпреварот. |
| **27.3.** | Од топките со кои се загреваат екипите, првиот судија одбира топка со која ќе се игра натпреварот. |

| Член 39. Видео снимка, |
|---|

| | |
|---|---|
| **39.1.** | Натпреварите во М-20,М-18,М-16,М-14 и М-12 мажи и жени **мора** да бидат целосно снимени на ДВД диск. |
| **39.2.** | Организаторот е **должен** најдоцна до 30 минути по завршување на натпреварот да ја предаде видео снимката на делегатот, **во спротивно службениот преставник да се потпише кај формуларот од делегатот.** |
| **39.3.** | Доколку **не се достави** видео снимка, или натпреварот, не е квалитетно снимен или натпреварот целосно не е снимен, **ќе бидат** изречени казни согласно критериумите во овие Пропозиции. |

| Член 40. Соопштување на краен резултат од натпреварот, |
|---|

| | |
|---|---|
| **40.1.** | Делегатот или Првиот судија **се должни** да обезбедат соопштување на крајниот резултат веднаш или најдоцна еден (1) час по завршување на натпреварот по **СМС порака (078/ 67 21 27)** или електронски пат по е-меил до Комесарот за натпреварување на **mkkoffice2005@gmail.com**. |
| **40.2.** | Доколку резултатот **не биде** соопштен, делегатот или Првиот судија **ќе бидат** казнети согласно критериумите во овие Пропозиции. |

| Член 42. Делегат, |
|---|

| | |
|---|---|
| **42.1.** | Должност на Делегат на натпревар во лигата ја извршуваат лица кои се наоѓаат на листа предложена од Судиската комисија, а **усвоена** од страна на Управниот Одбор на МКФ. |
| **42.2.** | Делегирање на делегати за сите натпревари, **врши** Комесарот за натпреварување на МКФ во соработка со СКМКФ. |
| **42.3.** | Делегатот е присутен на натпреварот за да обезбеди играта да се одвива во регуларни услови и треба да соработува со судиите пред, за време и по натпреварот со цел да се постигне тоа. |
| **42.4.** | **Делегатот е одговорен за**: |
| | 42.4.1.Работата на помошните судии на записничката маса. |
| | 42.4.2.Проверка на легитимациите на помошните судии. |
| | 42.4.3.Проверка на легиматициите на играчите и службените лица пријавени за натпреварот. |
| **42.5.** | Делегатот **може** да замени помошен судија, ако констатира дека тој прави грешки и со тоа влијае врз регуларноста на натпреварот. |
| **42.6.** | Во тој случај, се прави пауза за сменување на помошниот судија. |
| **42.7.** | Делегатот врши замена од присутните помошни судии, или судија. |
| **42.8.** | **Делегатот има должност да**: |
| | 42.8.1.Ги следи настаните во гледалиштето и во случај на потреба ги известува судиите за благовремено да превземат соодветни мерки. |
| | 42.8.2.Во својот извештај да ги внесува сите забелешки во врска со натпреварот и дава оцена за организацијата на самиот натпревар. Делегатот е должен да го напише своето мислење за сите спорни настани. |
| | 42.8.3.Да поднесе пријава против извршител(и) на прекршок(ци) од потешка природа. |
| | 42.8.4.**Да го соопшти крајниот резултат согласно член 40.1.** |
| | 42.8.5.Во својот извештај задолжително бара од службениот претставник на екипата нејзиното пријавено или исклучено лице да го пополни соодветниот образец, да ги наведе спорните моменти и причини за неспортското дејствие и лично да го потпише, а потоа да го предаде на делегатот, најдоцна 30 минути по завршување на натпреварот. **Во ваков случај делегатот зема изјави и од судиите**, а по потреба и од другите службени лица и членови на клубовите. |
| **42.9.** | **Во рок од 48 часа по завршување на натпреварот делегатот е должен да ги достави до канцеларијата на лигата следните документи:** |
| | 42.9.1.Оригиналот од Записникот и Делегатскиот извештај; |
| | 42.9.2.Списоци на пријавени играчи на обете екипи (образец НАТ-1) |
| | **42.9.3.Компјутерска дискета со статистика од натпреварот (член 38) – НЕ ВАЖИ;** |
| | 42.9.4.ДВД диск со целосно снимен натпревар (член 39); |
| | 42.9.5.Изјави од евентуално исклучен-пријавен актер (образец НАТ-6); |
| | 42.9.6.Дополнителен извештај во случај да нема доволно простор во образецот за извештај, или дополнителни забелешки осознаени после комплетирање на извештајот (образец НАТ-3). |

| | |
|---|---|
| **42.10.** | **Во случај на жалба, делегатот е должен да ги достави до канцеларијата на лигата, најдоцна до 1 ЧАС по завршување на натпреварот по е-маил или факс или најдоцна до 12 ЧАСА на рака, следните документи:** |
| | 42.10.1.Писмената жалба. |
| | 42.10.2.Изјавите на службените лица за спорниот настан; |
| | 42.10.3.Записникот од натпреварот. |
| | 42.10.4.Делегатскиот извештај. |
| **42.11.** | Делегатот е должен да пристигне во салата каде ќе се игра натпреварот, еден час пред предвиденото време за почеток на натпреварот. |
| **42.12.** | На делегатите им се забранува коментирање на сите детали во врска со одиграниот натпревар и детали наведени во извештајот од натпреварот. |
| **42.13.** | **По завршување** на натпреварот судиите и помошните судии можат да го напуштат теренот дури по одобрување од страна на делегатот. |
| **42.14.** | За дисциплинска одговорност на делегатот **одлучува** Комесарот за натпреварување и Управниот Одбор на МКФ во посебни случаи. |

## Член 43. Судии

| | |
|---|---|
| **43.1.** | Листите на судии за водење на натпреварите на предлог на Судиската комисија, **ги утврдува** Управниот Одбор на МКФ. |
| **43.2.** | Делегирањето на судиите на сите нивоа на натпреварување го **врши** Комесарот за натпреварување во соработка со СКМКФ, врз основа на добиени листи на судии од страна на Судиската комисија на МКФ. |
| **43.3.** | **За потребите на Младинските лиги се утврдува и минимумот на одсудени натпревари во зависност од рангирањето на судиите и тоа**: |
| | 43.3.1.Судии со знакот на ФИБА минимум четири (4) натпревари во еден месец; |
| | 43.3.2.Судии од првата листа минимум шест (6) натпревари во еден месец; |
| | 43.3.3.Судиите од останатите листи мора да одговорат на секое делегирање. |
| | 43.3.4.Доколку судиите не го исполнат минимумот од натпреварите во дадениот месец или одбијат да бидат делегирани, **ќе бидат казнети** со четири (4) натпревари **не делегирање** во сениорските лиги во зависност која лига ја судат. |
| **43.4.** | **Клубовите не може да бараат順 изземање на судиите кои се наоѓаат на утврдените листи.** |
| **43.5.** | Судиите се наполно самостојни во донесувањето на одлуки. |
| **43.6.** | Првиот судија се смета посебно одговорен во делокругот на овластувањата што ги има судијата пропишани со Службените правила на играта. |
| **43.7.** | **Првиот судија е одговорен и за**: |
| | 43.7.1.Однесување на замениците и службените лица на екипата кои седат на клупата за време на натпреварот. |
| | 43.7.2.**Заедно со делегатот на натпреварот одлучува** за прекин на натпревар и делумно или потполно празнење на публиката, во случај на неспортско и вулгарно навивање упатено кон екипите, судиите, службените лица и други кошаркарски работници. |
| | 43.7.3.**Заедно со делегатот на натпреварот одлучува** за евентуален прекин на натпревар или негово продолжување во делумно или потполно испразнета сала во случај на нереди на и вон теренот, како и при обид или остварен физички напад од страна на гледачи врз играчи, службени лица или меѓу самите гледачи. |
| | 43.7.4.**При остварен физички напад врз службено лице (судија или делегат), натпреварот се прекинува ВЕДНАШ, без продолжение.** |
| | **43.7.5.Првиот судија ја првзема целата процедура од член 42.8, 42.9. и 42.10. доколку на натпреварот не е присутен делегат.** |
| **43.8.** | Судиите се должни да пристигнат во салата каде ќе се игра натпреварот еден час пред времето предвидено за почеток на натпреварот, а на дваесет минути да излезат на теренот во униформа за судење, кога мерачот на време го вклучува часовникот за мерење време. |
| **43.9.** | Униформата за судење ја пропишува и утврдува Судиската комисија на МКФ и не е дозволено отстапување во било кој дел од опремата или дополнителните делови во вид на реклами. |
| **43.10.** | **Не е дозволено (не) носење на дел од опремата која ја има/нема другиот судија.** |
| **43.11.** | Судиите се должни целосно да ги спроведуваат правилата на игра и нивното толкување од страна на ФИБА, како и да не дозволат да се кршат одредбите на овие Пропозиции и Правилникот за натпреварување на МКФ. |
| **43.12.** | **Тие водат сметка, согласно правилата**: |
| | 43.12.1.Дресовите на играчите да бидат правилно обележани; |
| | 43.12.2.Сите играчи да бидат во соодветна спортска опрема (исти гаќички, дресови, чорапи, тренерки и друго) за време на претставувањето пред натпреварот или на самиот натпревар; |
| | 43.12.3.Не треба да дозволат излегување на терен на играчи кои не се облечени како останатите членови на екипата; |
| | 43.12.4.За редот на теренот за игра и за соработката со записничката маса; |
| | 43.12.5.Однесувањето на сите лица на клупите на обете екипи. |

| | |
|---|---|
| **43.13.** | Судијата кој донел одлука за исклучување на играч, тренер или службено лице, или има пријава против едно од наведените лица, **мора да го извести** делегатот за причините на одлуката или пријавата, во писмена форма на Образец бр.6. |
| **43.14.** | **Судиите се должни**, на барање на делегатот, да ги опишат сите спорни моменти кои се случиле на натпреварот, да ги наведат причините за досудените технички и исклучувачки грешки на играчите, тренерите и службените лица, како и други значајни одлуки кои не се поврзани со самиот тек на натпреварот (делумно или целосно празнење на гледачите и слично). |
| **43.15.** | Доколку едниот или обајцата судии не дојдат на натпреварот, делегатот одредува замена меѓу присутните судии кои се наоѓаат на усвоената листа за таа натпреварувачка сезона. |
| **43.16.** | **Во случај да не постојат услови за исполнување на претходните ставки, ниту пак постојат услови Комесарот за натпреварување да одреди нов судија во рок од еден час од предвидениот почеток на натпреварот, натпреварот ќе биде одложен и ќе се одигра во рок од 24 часа, со нов одреден(и) судија(ии).** |
| **43.17.** | **Трошоците настанати со ова одлагање на натпреварот, ќе бидат** исплатени од заедничкиот фонд на лигата. |
| **43.18.** | Судиите кои не ги почитуваат одредбите на кошаркарските правила и својата должност не ја извршуваат согласно овие Пропозиции, Комесарот за натпреварување во прв степен ги повикува на дисциплинска одговорност. |
| **43.19.** | Во случаи поврзани со повредата на Правилата на играта што ќе бидат сторени од страна на судиите на натпреварот, во прв степен казна изрекува Комесарот за натпреварување. |
| **43.20.** | На судиите им се забранува коментирање на сите детали во врска со одиграниот натпревар и детали наведени во извештајот од натпреварот. |
| **43.21.** | По завршување на натпреварот судиите можат да го напуштат теренот дури по одобрување од страна на делегатот. |

**Член 44. Помошни судии,**

| | |
|---|---|
| **44.1.** | Помошните судии на натпреварите ги делегира надлежната судиска комисија во градот. |
| **44.2.** | Помошните судии на сите натпревари **мора** да бидат еднообразно облечени, во пропишана судиска униформа. |
| **44.3.** | За поедини натпревари, доколку се укаже потреба, Комесарот ги одредува помошните судии. Нивните трошоци за натпреварот во овој случај, ќе бидат исплатени од зедничкиот фонд на лигата. |
| **44.4.** | Помошните судии **се должни** да излезат на теренот за игра триесет (30) минути пред времето предвидено за почеток на натпреварот, во пропишана и еднообразна облека. |
| **44.5.** | Помошните судии мора да поседуваат легитимации, издадени и заверени од Судиската комисија на МКФ. |

**Член 45. Патни трошоци на службени лица,**

| | |
|---|---|
| **45.1.** | Патните трошоци на службените лица и сите други утврдени трошоци во текот на реализирањето на натпреварувањето, се исплатуваат од страна на МКФ или клубот - организатор, еден час пред почетокот на натпреварот, врз основа на трошковникот што го донесува Управниот Одбор на МКФ. |
| **45.2.** | На судиите и делегатот, а во поедини случаи и на помошните судии им припаѓа надоместок за патни трошоци во износ пресметан врз основа на службена километража за одредени релации и цена на изминат километар, утврдени од Управниот Одбор на МКФ. |
| **45.3.** | При реализирање на патувањето судиите и делегатот во принцип како превозно средство може да користат: автобус или воз прва класа. |
| **45.4.** | Во одредени случаи, по добиено одобрение од Комесарот за натпреварување, кога најмалку две или повеќе службени лица не се во можност веднаш по завршување на натпреварот да обезбедат друг начин за враќање во местото на живеење, може да се користи и сопствено возило како начин за превоз. |
| **45.5.** | Надоместок за патување со сопствено возило се исплатува во висина најмногу до 20% од вредноста на еден литар од најскапото гориво (бензин/нафта) по изминат километар. |
| **45.6.** | **Строго се забранува користење на услуги на гостинската екипа како превоз на/од натпревар.** |

**Член 46. Надоместок за извршување должност на службени лица,**

| | |
|---|---|
| **46.1.** | На делегатот и судиите им припаѓа и надоместок за вршење на должност на натпревар, чиј износ е утврден од страна на Управниот Одбор на МКФ. Исплатата ја врши клубот домаќин (организатор) на натпреварот, со доставување на обрасците од страна на делегатот до организаторот пред почетокот на натпреварот. |
| **46.2.** | Доколку клубот домаќин (организатор) **НЕ ГИ УПЛАТИ** средствата за службените лица за одиграниот натпревар од претходното коло, најдоцна до денот на следното делегирање до **ЧЕТВРТОК** (согласно член 46.1), делегатот е **ДОЛЖЕН** за истото веднаш да ја извести канцеларијата на МКК. Канцеларијата на МКК согласно Пропозициите за натпреварување ќе ја **СУСПЕНДИРА екипата** и истата **НЕМА ПРАВО НА НАСТАП** наредното коло. |

| | |
|---|---|
| **46.3.** | На помошните судии им припаѓа надоместок за вршење на должност на натпревар чиј износ е утврден од страна на Управниот Одбор на МКФ. Исплатата ја врши клубот - организатор на натпреварот. |

# VII ФИНАНСИСКИ ОДРЕДБИ

**Член 51. Санкции,**

| | |
|---|---|
| **51.1.** | Вредноста на коефициентот за изрекување на паричните казни изнесува 50,00 денари а ја утврдува Управниот Одбор на МКФ, на предлог на Комесарот за натпреварување. |
| **51.2.** | По завршување на натпреварувачката сезона, по утврдување на сите трошоци, евентуалниот вишок на средства ќе се распредели со посебна одлука на соодветното Здружение на клубови. |
| **51.3.** | Средствата што се собираат од паричните казни, се уплаќаат на сметката на МКФ. |
| **51.4.** | Играчите и клубовите се должни финансиските обврски од изречени казни по овие Пропозиции да ги извршуваат најдоцна во рок од седум (7) дена по сторен прекршок, или најдоцна до наредниот натпревар. |
| **51.5.** | **Доколку финансиското долгување по било која основа не се подмири во пропишаниот рок, Комесарот за натпреварување ќе изрече суспензија. За време на суспензијата, играчот односно клубот нема право на настап. Клубот ги губи натпреварите со службен резултат од 20:0 во корист на противничката екипа и не добива бод за тој натпревар.** |
| **51.6.** | Суспензијата важи до подмирување на финансиската обврска на играчот или клубот.Со подмирување на финансиската обврска, суспензијата автоматски се укинува и престанува да важи. |

**Член 52. Жалба на одлука за суспензија на клубот,**

| | |
|---|---|
| **52.1.** | Против одлука на Комесарот за натпреварување за суспензија на клуб за неподмирено финансиско долгување по било која основа, клубот има право на жалба до Арбитражата на МКФ во рок од 24 (дваесет и четири) часа од приемот на одлуката за суспензија. **Жалбата не го одлага извршувањето на одлуката.** |
| **52.2.** | Арбитражата ја разгледува жалбата на одлуката за суспензија во рок од 48 часа по приемот на жалбата. **Одлуката на Арбитражата е конечна.** |

**Комесар за натпреварување,**
**Владо Цветковски**